**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Триесет и втората седница, одржана на 27 јануари 2000 година**

Седницата се одржа во салата на Собранието, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Слободан Косев, Алија Шахиќ, Фадил Бајрами, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Данило Глигоровски, Ѓулистана Марковска, Наталија Марковиќ-Димова, Лазар Китановски и Ѓорѓи Тодоров, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата на Собранието.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го добиеме бројот на присутните во салата.

Присуствуваат 66 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, сакам и вас претседателе да ве консултирам, затоа и мојата интервенција е процедурална.

Јас сакав вчера, меѓутоа денеска ќе ви предложам некои мои видувања на мојата пратеничка група, во врска со трагичниот инцидент, односно настанот во Арачиново.

Зошто го правам ова? Затоа што прво сакам јавно да сочувствувам, се разбира, со семејствата на погинатите полицајци и погинатиот Сабри Асани. Воедно, чекав до вчера, Министерството за внатрешни работи да излезе со нивен извештај за текот на истрагата и сето тоа што го кажаа сега.

Меѓутоа, за дигнитетот, се разбира, на Собранието и да не биде настрана Собранието од овој трагичен настан, јас мислам дека треба да се поднесе Информација од Министерството за внатрешни работи, за овој трагичен настан, со тоа што треба да се одговори на неколку прашања, коментари и тези, кои се пласираат, затоа што самото време, траењето при излегување со конкретен извештај во Министерството, создаде простор да се коментира да се даваат разни тези, кои добиваат димензија, односно сегмент од безбедносно - политичката состојба и т.н.

Затоа, јас мислам дека добро е, или на крајот на оваа седница, да се закаже вонредна седница на Парламентот, каде ќе добиеме информација по која треба да се расправа, или да биде таа информација, како прва точка од наредната седница, која веќе мислам дека е закажана за 3 февруари.

Сметам дека оправдано е моето барање, затоа што тема број еден овие денови и во јавноста и се загрижени, се разбира и граѓаните, за една таква трагична ситуација која се случи и мислам дека треба да се прифати, еве, јавно вас ве консултирам, ако постои можност Владата да поднесе, односно Министерството таква информација на една седница која ќе се закаже, или на првата наредна седница, мислам дека треба да ми одговорите, а јас потоа во името на парламентарната група, се разбира, ќе интервенирам, односно ќе поднесам и барање, како што предвидува и Деловникот на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би сакал да ве информирам за следново: навистина, сите се сочувствуваме со трагичните настани и особено, со губењето на младите животи, четири животи што згаснаа, по повод овие настани.

Меѓутоа, разговарав со госпоѓата министер Доста Димовска и се договоривме на наредната седница, која ќе биде закажана за 3 февруари, ќе биде присутна и ќе даде лично видување и одговор, доколку има прашања, а како што гледам има.

Ако не сме задоволни, тогаш ќе побараме и писмена информација и ќе расправаме по неа.

Според тоа, деловнички денеска можеме ова да го нотираме, но ќе биде доставено во права форма, со конкретни прашања на наредната седница на 3 февруари.

Според тоа, да продолжиме денеска со работа.

Ние ја продолжуваме работата, ние не утврдуваме дневен ред, ниту пак го дополнуваме.

Ако мислите дека процедурално јас ја грешам работата, да разговараме.

Исто имаше и минатиот пат кога господинот пратеник од ДПА, сега исто така, да не ја отвараме расправата.

Не можеме ништо друго по оваа седница, освен да одиме по дневниот ред што го утврдивме.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, прифаќам дел од вашето објаснување, меѓутоа за наредната седница да биде точка на дневен ред, не мислам објаснување дека ќе присуствува министерот за внатрешни работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник, јас можам следново да ви кажам: Не можеме деловнички да утврдуваме точка на дневен ред денеска.

Но на наредната седница, ако оцениме дека сме незадоволни од поставеното прашање, од одговорот, можеме да побараме да се расправа.

Затоа, процедурално да се држиме за Деловникот, бидејќи имаме само продолжение на овие седници.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ние како пратеничка група ќе поднесеме писмено барање Саво Климовски и јас ќе го проследам писменото барање, до таму каде што треба да се проследи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, мислам дека јас ја поддржувам иницијативата на пратеничката група на ПДП, како што се договоривте за една информација, или точка на дневен ред, меѓутоа барам во таа информација да има извештај и за случајот Осломеј, за среќа таму немаме жртви, меѓутоа, имаме пукање со тешко оружје, што мислам дека ги вознемири граѓаните на општината Кичево и се надевам дека дента кога ќе расправаме за Арачиново, мислам дека не одвојно е точката да биде дополнета и со случајот Осломеј.

Ние како законодавен дом ги респектираме Деловникот и точките кои се на дневен ред, меѓутоа сепак не смееме многу да веруваме на одделни министри, кои ја одолговлекуваат работата, бидејќи на теренот имаме вонредна состојба, јас зборувам за Кичево и за Арачиново, практично, полицијата е во готовност, што се вели, граѓаните се третираат според нивните мислења од страна на самиот полицаец. Некој подрско се малтретира, а некој познат се пушта, меѓутоа јас мислам дека не смееме овие два проблема да ги оставаме за во иднина, бидејќи ваков случај сме имале и во минатото и фактички се чека време да помине и да се омаловажат овие работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека истата процедура важи како и претходната, можете во писмена форма да доставите и ние ќе побараме ако е потребно информација.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, во однос на триесет и втората точка од Триесет и втората седница дали е во прашање некој лапсус, или нешто друго.

Имено, иако според Деловникот точката Извештај од јавната дискусија по Нацрт - законот за спречување на корупцијата, требаше да се отвори расправата во Собранието, можеме да провериме во стенограмот, дека таква расправа воопшто не беше отворена.

Напротив, само беше заклучено од страна на претседателот дека се заклучува општата расправа по оваа точка, а не беше отворена таква точка. Можеме тоа да го провериме во стенограмот.

Јас мислам дека ваква сериозна работа не би требало толку лесно да помине, напротив, треба да отвориме расправа.

Јас предлагам да се прегледаат стенограмите и да се види дека не е отворено таква расправа и да се постапи по Деловникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас колку што сум информиран, по таа точка отворивме расправа, ја затворивме расправата и кога требаше да гласаме, немавме кворум.

Но јас се согласувам да го провериме уште еднаш стенограмот, доколку е така како што велите, точката ќе ја вратиме и ќе расправаме.

Немаме причина, зошто да не расправаме по таа точка.

Јас добив информација дека е затворена расправата и дека не сме имале кворум.

Во ред, не ја отфрлам вашата иницијатива однапред, ќе проверам во меѓувреме ако направиме пауза и ќе поразговараме околу тоа.

Господинот пратеник Фатмир Етеми побара збор.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Како што знаете, вчера побарав збор да бараме информација во врска со случајот Арачиново. Сакам да истакнам дека треба да бараме информација на првата наредна седница.

Само за информација, денеска доставив писмено барање до Собранието и до Владата на Република Македонија, да даде целокупна информација за случајот Арачиново.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Истоветна е и ситуацијата како и претходната, доколку писмено доставите барање, јас ќе го проследам до Владата, односно Владата понатаму до надлежните министерства.

Ако се согласите со тоа, мислам дека на овој начин би го решиле ова прашање.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Пратеничката група на ДПА денеска достави формално писмено барање до Собранието, за итна информација во врска со настаните во селото Арачиново.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Деловнички кога јас ќе го добијам, ќе го проследам до Владата.

Одиме понатаму.

Ние не ја поминавме точката 11, поради не присуството на претставник на Владата и затоа да продолжиме со претрес по текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за основање Македонска банка за поддршка на развојот, бидејќи господинот министер денеска е присутен на седницата.

ЗПК поднесе амандман за бришење на член 3.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

ЗПК мислам дека оправдано го поднесе овој амандман. Тоа е од причини што овој амандман треба да се усогласи фактички, со бришењето со Законот за банки и штедилници. Од тие причини е поднесен овој амандман. Ако не, тогаш треба таму нешто да се менува во овој закон за банките и штедилниците.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Останувам на истото.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор во врска со овој амандман? (Никој).

Во тој случај амандманот го ставам на гласање.

45 пратеници гласаа за амандманот, 7 воздржани и против 21.

Според тоа, амандманот е составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, воздржани и против немаме.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот.

Бидејќи дневниот ред со оваа точка е исцрпен, ја заклучувам Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,00 часот).